***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 21.12.2023 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Дом на пензионери Демир Хисар со почеток во 11.30 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 7 (седум) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Јордан Кромидаровски, Сашо Михајловски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска, а отсутни беа советниците Даниела Давидевска, Сандра Пејковска, Филип Ангелевски и Јасмина Јовановска. На седницата присутни беа Марина Поповска претставник од општината и Цане Трајчевски претставник од ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира присуство од седум советници, исполнети се условите за работа на Советот, а потоа ја образложи вонредната седница е свикана на барање на ЈОУДГ „Втори Септември". Претставникот Марина Поповска објасни на ставката придонеси од плата за ПИОМ во програма за детска градинка нема доволно средства затоа и вработените наможат да земат плата. Поради тоа треба да се направи измена на распоредот на средствата во основна плата се намалува 80.000, а овие средства се ставаат на 402110 за основни придонеси за ПИОМ. Претставникот Цане Трајчевски објасни донесувањето на оваа одлука потребно во спротивно нема да може да се исплати плата. Едногласно со 7 „за" беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Образложеението за одлуката беше исто со образложеението за потребата од свикување на вонредна седница. Советниците немаа забелешка. Едногласно со 7 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-88/3
24.01.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.